РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2503/2

05-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 54-тата седница одржано на 02.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2503/1 од 16.07.2021 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси друг орган е надлежен да постапува по наводите од пријавата на подносителот., така што пријавата да се достави до Министерство за правда на надлежно постапување.

Предметот со број 12-2503 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2503/1 од 16.07.2021 година е оформен врз основа на добиена пријава од ///. Во пријавата се изнесени наводи за коруптивно дејство од страна на службено лице – /// кој, според наводите во пријавата, во периодот од 2018 до 2021 година несовесно постапувал и ја злоупотребувал својата службена положба и овластувања, на начин што вршел влијание врз ///, која постапувала по заведен судски процес од состојба на судири на интереси, така што истиот тој судски процес завршил со ослободителна пресуда. Освен тоа, се посочува дека погоре посочениот /// не постапувал по претставки поднесени од подносителот, не покренувал постапка за одговорност на погоре посочениот судија на истиот суд, се наведува дека имал влијание врз службени лица вработени во судската полиција, како и дека не постапил по укажувања на ///. Изнесени се наводи дека поднесоците во судот се делеле на рака, без да се води уредна евиденција за точниот прием на поднесоците во интерната доставна книга на судот и нивно постапување. Од ДКСК се бара да го преиспита овој случај согласно со нејзините законски надлежности. Во пријавата не се доставени докази.

По проучувањето на наводите во пријавата, ДКСК утврди дека во конкретниот случај, подносителот изразува незадоволство од начинот на организација и работа на погоре

посоченииот суд. ДКСК констатира дека друг орган е надлежен да постапува по наводите од пријавата на подносителот и пријавата ќе ја достави до Министерството за правда за надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- подносител

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.